**Известување за концентрација со која Талентис Интернешнл Кидс Стор Инвестментс Кфт., Унгарија ќе стекне самостојна контрола над АЛФИ КИДС, управување со инвестиции, д.о.о., Словенија**

**(предмет бр. 08-29 од 2026 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 208/24 и 16/25), на ден 04.02.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Талентис Интернешнл Кидс Стор Инвестментс Кфт. со регистрирано седиште на адреса Ваци утка 38, 1056 Будимпешта, Унгарија („Талентис", „Подносител" или „Купувач") ќе стекне самостојна контрола над АЛФИ КИДС, управување со инвестиции, д.о.о. со регистрирано седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Словенија („АЛФИ КИДС", или „Целно друштво").

-**Талентис** е друштво со посебна намена основано во декември 2025 година за целите за учество во Предложената трансакција и во моментот нема деловни активности. Индиректно е во целосна сопственост и самостојна контрола на Месзарос Групата.

Месзарос Групата вклучува зависни друштва кои работат во различни сектори кои се составен дел на една подгрупа во рамките на поширока групација. Овие подгрупи главно се занимаваат со градежништво, недвижности, инженерство, транспорт, енергетика, земјоделство и угостителство.

Месзарос Групата нема зависни друштва во Северна Македонија. Сепак, Месзарос Групата остварила мал приход во Северна Македонија во 2024 година преку групациските друштва кои не се регистрирани во Северна Македонија.

-**АЛФИ КИДС** е холдинг друштво и, заедно со субјектите под негова целосно сопственост и самостојна контрола, ја сочинуваат АЛФИ КИДС групацијата на друштва („**АЛФИ КИДС Група**").

Субјектите во АЛФИ КИДС Групата развиваат и управуваат деловно работење со малопродажба и трговија на големо на производи за мајки и производи за деца до 8 години. Групата е активна во малопродажба само во Словенија, Хрватска и Северна Македонија, а врши трговија на големо во повеќе од 20 држави.

АЛФИ КИДС Групата има само едно зависно друштво во Северна Македонија - **АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје**, друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на бул. Киро Глигоров бр. 13 Скопје – Гази Баба, Северна Македонија кое е активно во продажбата на големо и мало на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

Имајќи ги предвид деловните активности на АЛФИ КИДС, Подносителот смета дека релевантните пазари за стока, за целите на ова известување, би можеле да се дефинираат како:

- пазар за трговија на големо на производи за бебиња, и
- пазар за малопродажба на производи за бебиња.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

10.02.2026 година

Скопје